РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-21
05.09.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До:** [redacted]

**Предмет: Одговор на Претставка во врска со програмската понуда на ТВ Алфа**

Почитувана,

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ја прими Вашата Претставка (наш бр. УПП 03/21 од 02.09.2025 г.) во која изразувате незадоволство од програмската понуда на ТВ Алфа, поради тоа што нема странска програма, серии, шоу и детски програми, како и затоа што емитува реприи. Притоа, барате Агенцијата да реагира до Телевизијата, до Советот за етика и останатите релевантни институции.

Телевизиите, согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (член 47-а став 1 алинеја 13), се независни во утврдувањето на својата уредувачка политика и самостојно одлучуваат за тоа како да го осмислат програмскиот концепт за сервисот за кој добиле дозвола за емитување, а кој се состои од одреден процентуален сразмер програми со информативна, образовна и забавна функција. Оттаму, Агенцијата не смее да интервенира во програмската шема на медиумите.

Агенцијата ќе ја извести ТВ Алфа за Вашата Претставка, која (во анонимизирана форма), заедно со дописите од АВМУ, ќе ја објави на својата веб страница на следниот линк: https://avmu.mk/pretstavka-reakcija/.

Што се однесува до Комисијата за жалби во Советот за етика во медиумите на Македонија – СЕММ, тоа е саморегулаторно тело кое се занимава со следење на почитувањето на професионалните новинарски стандарди од страна на медиумите и претставка до нив можете да упатите на следниов линк https://complaints.semm.mk/podnesi-zalba/.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**